**З А П И С Н И К**
**од Десеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Десеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.6.2017 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, д-р Висар Ганиу,

заменик на министерот за образование и наука и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Орхан Рамадани, заменик на директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (в.к.в.) и Керамидин Селими, член на Инспекцискиот совет.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 5-та седница на Владата, одржана на 16.6.2017 година
- Усвојување на Записникот од 6-та (тематска) седница на Владата, одржана на 19.6.2017 година
- Усвојување на Записникот од 7-та седница на Владата, одржана на 19.6.2017 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2016 година

2. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби за прв квартал од 2017 година

**б) економски систем и тековна економска политика**

3. Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година

4. Предлог-одлука за укинување на царинската стапка за други производи од кожа или од вештачка кожа

5. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Молика", Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

6. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Александар Палас", Скопје, со Предлог- решение за утврдување на категорија на угостителски објект

7. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесено од БХ хотел „Хамбург", Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

8. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Манастир"-Берово, со Предлог-решение

9. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Вила Парк" – Струмица, со Предлог-решение

10. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Лебед" – Охрид, со Предлог- решение

11. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Холидеј М" - Охрид, со Предлог-решение

12. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Вила Јордан" - Охрид, со Предлог-решение

13. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел„ Милениум Палас" - Охрид, со Предлог-решение

14. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Гогов" – Пехчево, со Предлог -решение за утврдување на категорија на угостителски објект

15. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Арка"– Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

16. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Голд" – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

17. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Стоун Бриџ" (Stone Bridge) - Скопје, со Предлог-решение

18. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Гранит“ – Охрид, со Предлог -решение

19. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Луксор“ - Скопје, со Предлог-решение

20. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Дувет“ Скопје, со Предлог-решение

21. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Фламенго“- Охрид, со Предлог-решение

22. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Влахо“- Скопје, со Предлог-решение

23. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Ибис“ - Скопје, со Предлог-решение

24. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Престол“– Охрид, со Предлог-решение

25. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Парк Лејксајд“ – Охрид, со Предлог-решение

26. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Маврово“ - Маврово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

27. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Ројал Вју“- Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

28. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Вип“- Берово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објекти

29. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Аполонија“ - Гевгелија, со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Белви“ - Скопје, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Принцесс“ - Гевгелија, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Сириус" - Струмица, со Предлог - решение

33. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Буши" – Скопје, со Предлог - решение

34. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Силекс" - Охрид, со Предлог-решение

35. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Континентал", Скопје, со Предлог-решение

36. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Венец" - Дебар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

37. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Бањиште" - Дебар, со Предлог- решение

38. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Долно Косоврасти" – Дебар со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Десарет", со Предлог - решение

40. Информација во врска со извршениот надзор од страна на Комисијата за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објект за сместување хотел „Горица" – Охрид, со Предлог - решение за престанок на важноста на Решението за утврдување на категорија на угостителски објект и со Предлог - решение за измена на категорија на угостителскиот објект

41. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Султан'с" – Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

42. Информација за реализација на активностите за проектите: „Нова стратегија за развој на мали и средни претпријатија 2017-2020", „Нова стратегија за женско претприемништво 2017-2020" и „Финансиска поддршка и развој на конкурентноста на малите и средните претпријатија"

43. Информација за преземените активности во насока на реализација на Проектот за поддршка на преработувачката индустрија

**в) политички систем**

44. Информација за Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за обука и Министерството за внатрешни работи на Унгарија -

Полициско училиште за спроведување на законот „Сегедин“ за поддршка и соработка во областа на заеднички обуки, со усогласен текст на Меморандум за разбирање

45. Информација за активности кои треба да бидат преземени од страна на надлежните институции на Република Македонија во делот на заедничката македонско-бугарска државна граница од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

46. Предлог-одлука за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Македонија за Светската трговска организација

**б) политички систем**

47. Барање на Џордан Мајкл-Харолд Теодор, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

48. Барање на Александар Обрадовиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

49. Барање на Јусуф Миракхмедов за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

50. Барање на Љубомир Шубара, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

51. Барањето на Тимур Дибиров, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

52. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2014)

53. Иницијатива од Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ од Скопје, преку адвокат Ивана Јевтиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.45/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10, член 29 и член 70 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2017, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016)

54. Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 став 4 од Правилникот за специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници со високо образование од областа на медицината, донесен од министерот за здравство („Службен весник на Република Македонија“, бр.85/2015), поднесена од Здружението на приватни лекари во Република Македонија од Скопје застапувано од Грозданчо Сутинов - адвокат од Велес

55. Иницијатива од адвокат Ибрахим Амети од Гостивар, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.10/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 100-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015)

56. Иницијатива поднесена од Организација на работодавачи на Македонија до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 1 втора реченица, член 34 став 8 втора реченица, член 86 став 1 втора реченица, член 87 став 1 втора реченица и член 218 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016)

57. Иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.48/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став 1 во деловите: „треба“ и „сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган“ од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015)

**д) други предлози**

58. Кадровски прашања
59. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

60. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2016 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

61. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија

62. Предлог - завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година, со Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2016 година на основен буџет на Република Македонија

63. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници

64. Информација за потребата од формирање на координативни тела за зголемување на соработката на странските инвеститори со домашните компании, за анализа на мерките за привлекување на странски инвестиции, анализа на состојбата и консолидирање на натамошните активности во полето на странски инвестиции и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија, со предлог - одлуки

65. Информација за статусот на спроведување на проектот „Регистар на население"

66. Информација за изградба на новиот објект на Клиничкиот центар – Скопје, во однос на постапката, локацијата за изградба како и други прашања поврзани со Проектот

67. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (бр.42-5320/1 од 26 јули 2016 година), Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (бр.42-5321/1 од 26 јули 2016 година) и Предлог – одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 5-та седница на Владата, одржана на 16.6.2017 година, Записникот од 6-та (тематска) седница на Владата, одржана на 19.6.2017 година и Записникот од 7-та седница на Владата, одржана на 19.6.2017 година

*

*   *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

**Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 30 јуни 2017 година да ја достави Оперативната програма за транспорт 2014-2020 до Делегацијата на Европската Унија за коментари, пред истата да биде усвоена од страна на Владата.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за финансии да изградат усогласен став во врска со реализацијата на Проектот за изградба на железничка пруга Битола - Кременица, најдоцна до 14.7.2017 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да ја ревидира и усвои Стратегијата за секторот правда во согласност со препораките на Европската Унија од јули 2016 година, препораките на Прибе кои ќе произлезат од мисијата планирана за 17-20 јули 2017 година, Венецијанската комисија, ГРЕКО и твининг експертите, до крајот на октомври 2017 година.

4. Се задолжува Министерството за правда, до Секретаријатот за европски прашања да достави статус за исполнување на предусловите на ИПА 2014, до 30 август 2017 година.

5. Се задолжува Министерството за правда да развие и усвои јасна рамка за реформата на ИКТ политиката во правосудниот сектор на основа на релевантен и веродостоен стратешки документ.

6. Се задолжува Министерството за правда во соработка со сите крајни корисници од правосудниот сектор (Судски совет на Република Македонија, Јавно обвинителство на Република Македонија, Врховен суд на Република Македонија, судови, Државна комисија за спречување на корупцијата, Академија за судии и јавни обвинители, Управа за извршување на санкции) да организира состанок на високо ниво за целосно искористување на ИПА I во правосудниот сектор, како и обезбедување на целосно користење и функционалност на софтверските системи и ИКТ опремата до 15 август 2017 година.

7. Се задолжува Министерството за правда во соработка со крајните корисници - Судски совет на Република Македонија, Јавно обвинителство на Република Македонија, Врховен суд на Република Македонија, судови, Државна комисија за спречување на корупцијата, Академија за судии и јавни обвинители, Управа за извршување на санкции, да подготви и до Секретаријатот за европски прашања да достави извештај за користењето на опремата набавена преку ИПА 1 најдоцна до 30 јуни 2017 година.

8. Се задолжува Министерството за правда да организира презентација на усогласените ИКТ решенија во правосудниот сектор за Делегацијата на Европската Унија, до 14 јули 2017 година.

9. Се укажува на Јавното обвинителство на Република Македонија во соработка со Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Управата за

финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, во рамките на своите надлежности да продолжат со соработка и водење на досието на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција од висок профил и организиран криминал и користење на ИПА за зајакнување на административниот капацитет на надлежните институции.

10. Се задолжува Министерството за правда да постапи по препораките дадени од проектот „Зајакнување на владеењето на правото" до крајот на септември 2017 година.

11. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави формална согласност за техничката спецификација за интероперабилност, најдоцна до 14 јули 2017 година.

12. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи, да подготват информација со која ќе се образложи потребата за одложување на Проектот за понатамошно зајакнување на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупцијата, до 15 јули 2017 година.

13. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги преземе неопходните активности за обезбедување на градежни дозволи за Проектот за изградба на ИТ дата центар за опоравување од катастрофи, до 28 јули 2017 година.

14. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да го информира Секретаријатот за европски прашања за статусот на инсталирање и функционалност на обезбедената опрема за интероперабилност преку ИПА ТАИБ 2012, до 15 јули 2017 година.

15. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост да го информира Секретаријатот за европски прашања за напредокот во спроведување на проектот „Зајакнување на административниот капацитет за исполнување на обврските од членството/ остварување на правата од интелектуална сопственост (твининг со Данска), со осврт на исполнување на задолжителните резултати од проектот (лот 1), најдоцна до 29.6.2017 година.

16. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го информира Секретаријатот за европски прашања за преземените активности за обезбедувањето на националното кофинансирање од 12.000 евра за Проектот од ТАИБ 2010 „Помош на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, за подготовка за акредитација на мерката за рурална инфраструктура", најдоцна до 29.6.2017 година.

17. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со проектот „Рехабилитација и продолжување на канализационата мрежа на град Скопје" од ИПА 2, да го информира Секретаријатот за европски прашања за напредокот во ревидирањето на апликацијата за овој проект, согласно коментарите од службите на Европската комисија од 12 април 2017 година, најдоцна до 29.6.2017 година.

18. Се задолжуваат сите институции кои набавиле возила преку европски фондови/ИПА средства во последните три години, да подготват извештај (со број на набавени возила,

употребна состојба на возилата и корисник) и истиот да го достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 29.6.2017 година.

19. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да го информира Секретаријатот за европски прашања за статусот на потпишување на временските рамки за проектот - Зајакнување на капацитетите за спроведување на Натура 2000, до 14 јули 2017 година.

20. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да ги разгледа и усогласи коментарите од граѓанското општество при финализирањето на Стратегијата за реформа на јавна администрација и ревидираната верзија да ја испратат на коментари до Делегацијата на Европската Унија, до 14 јули 2017 година.

21. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја поднесе ревидираната тендерска документација до Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување договори, најдоцна до 7.7.2017 година.

22. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за труд и социјална политика да го информираат Секретаријатот за европски прашања за напредокот во спроведување на 26 договори од грантовата шема II – Негување на социјална инклузија од ИПА компонента 4 2007-2013- ЦФЦД и планот за исплати кон апликантите, најдоцна до 29.6.2017 година.

23. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира координативен состанок со Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и други релевантни институции, за проектот „Изградба на граничен премин Белановце Станчиќ“, најдоцна до 29.6.2017 година.

24. Се задолжува Министерството за образование и наука да го информира Секретаријатот за европски прашања за начинот на завршување на проектот „Подобрување на доживотното учење преку модернизирање на системите за образование и обука стручно образование за возрасни“, до 14 јули 2017 година.

25. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Министерството за финансии – сектор за централно финансирање и склучување договори, да го информираат Секретаријатот за европски прашања околу отворените прашања на проектот „Имплементација на законодавството за взаемно признавање на професионалните квалификации“, а кои се однесуваат на промена на тим лидер и клучен експерт 3, до 14 јули 2017 година.

26. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви Акциски план за децентрализиран систем за спроведување на ИПА (ДИС) за 2017 година, најдоцна до крајот на јули 2017 година.

27. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да достави извештај за исполнување на предусловите за ТАИБ 2013 и ИПА 2014 и 2015, најдоцна до 14 јули 2017 година.

28. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да преземе чекори за размена на информации и редовна интеракција со активните донатори во согласност со Секторската рамка за координација, најдоцна до септември 2017 година.

29. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви информација со податоци за изгубени/ неискористени средства од фондовите на ЕУ (пресек 30 јуни 2017 година) и истата да ја достави до Владата најдоцна до 15 јули 2017 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за прв квартал од 2017 година, како материјали за информирање.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за укинување на царинската стапка за други производи од кожа или од вештачка кожа за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата по истата да се усогласат Министерството за економија и Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Молика“, Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Молика“, Битола.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Молика“, Битола со седиште на Национален парк Пелистер-Битола - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Александар Палас“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел „Александар Палас“- Скопје.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Александар Палас“, со седиште на бул. 8 Септември бр.15- Скопје, хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесено од БХ хотел „Хамбург“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесено од БХ хотел „Хамбург“, Скопје.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (БХ хотел „Хамбург“ Скопје, со седиште на бул. Крсте Мисирков бр.61 - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Манастир“ - Берово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Манастир“ -Берово, со седиште на ул. Кирил и Методиј бр.6 - Берово, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Вила Парк“ – Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Вила Парк“ – Струмица, со седиште на ул. Благој Јанков – Мучето бр.5 - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Лебед“ – Охрид, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Лебед“ – Охрид, со седиште на Кеј Македонија бр. 112 - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Холидеј М“ - Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Вила Јордан“ - Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Милениум Палас“ - Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Гогов“ – Пехчево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Гогов“ со седиште на ул.Равен бр.1 – Пехчево, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Арка“ – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Арка“ со седиште на ул. Битпазарска бр. 90/2 Скопје, хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди - супериор.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Голд“ – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Голд“ со седиште на бул. Крсте Мисирков бр. 13 Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

**<u>Точка 17</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Стоун Бриџ“ (Stone Bridge) - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Стоун Бриџ“ (Stone Bridge) со седиште на кеј Димитар Влахов бб – Скопје, хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**<u>Точка 18</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Гранит“ – Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Гранит“ со седиште во нас. Св.Стефан бб – Охрид, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 19</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Луксор“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Луксор“ со седиште на ул.Јадранска магистрала бр.43 - Скопје, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Дувет“ Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 21</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Фламенго“- Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Влахо“- Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Ибис“- Скопје, со Предлог–решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Ибис“ со седиште на ул.„Орце Николов“ бр.55 - Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Престол“– Охрид, со Предлог–решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Престол“ - Охрид, со седиште нас. Свети Стефан бр.10 Охрид - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Парк Лејксајд“ – Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Парк Лејксајд“, со седиште на ул. „Наум Охридски“ бр. 10 - Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Маврово“ - Маврово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Ројал Вју“ - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Вип“ - Берово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објекти, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Аполонија“ – Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Аполонија“, со седиште на ул. Гевгелиски партизански одред бр. 1, Гевгелија, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Белви“ – Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Белви“, со седиште на ул. 32 бр. 24 Илинден, Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Принцесс“ – Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Принцесс“, со седиште на Граничен премин Богородица, Гевгелија, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Сириус“ - Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Сириус“- Струмица, со седиште на ул.Маршал Тито бр.195, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди – супериор), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Буши“ – Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Буши“ - Скопје, со седиште на ул.Ќурчиска бр.21, хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди – супериор), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Силекс“ - Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Силекс“ - Охрид, со седиште нас. Св.Стефан - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди – супериор), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Континентал“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Континентал“, Скопје.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Континентал“, со седиште на бул. Александар Македонски бб Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Венец“ - Дебар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Бањиште“ - Дебар, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Бањиште“ – Дебар, со седиште во нас. место без уличен систем с. Бањиште, Дебар, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Долно Косоврасти“ – Дебар со Предлог-

решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Долно Косоврасти“, со седиште во с. Долно Косоврасти, Дебар, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Десарет“, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Десарет“со седиште во с.Пештани бб – Охрид, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со извршениот надзор од страна на Комисијата за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објект за сместување хотел „Горица“– Охрид, со Предлог-решение за престанок на важноста на Решението за утврдување на категорија на угостителски објект и со Предлог-решение за измена на категорија на угостителскиот објект, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата текстот на Предлог–решението за престанок на важноста на Решението за утврдување на категорија на угостителски објект да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Султан’с – Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект Хотел Султан’с со седиште на ул. Решат Џафери бр. 11 Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на активностите за проектите: „Нова стратегија за развој на мали и средни претпријатија 2017-2020“, „Нова стратегија за женско претприемништво 2017-2020“ и „Финансиска поддршка и развој на конкурентноста на малите и средните претпријатија“ и го усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за економија на секои шест месеци да ја информира Владата за реализацијата на проектот „Нова стратегија за развој на мали и средни претпријатија 2017-2020“ и проектот „Нова стратегија за женско претприемништво 2017-2020“.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности во насока на реализација на Проектот за поддршка на преработувачката индустрија (нов текст), ја усвои и го задолжи Министерството за економија на секои шест месеци да ја известува Владата за реализација на делот од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, дел Б. Имплементација на индустриска политика.

**Точка** 44

Владата ја разгледа Информацијата за Меморандум за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за обука и Министерството за внатрешни работи на Унгарија - Полициско училиште за спроведување на законот „Сегедин“ за поддршка и соработка во областа на заеднички обуки, со усогласен текст на Меморандум за разбирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за обука и Министерството за внатрешни работи на Унгарија - Полициско училиште за спроведување на законот „Сегедин“ за поддршка и соработка во областа на заеднички обуки.
2. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за обука и Министерството за внатрешни работи на Унгарија - Полициско училиште за спроведување на законот „Сегедин“ за поддршка и соработка во областа на заеднички обуки.

**Точка** 45

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за активности кои треба да бидат преземени од страна на надлежните институции на Република Македонија во делот на заедничката македонско-бугарска државна граница од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до средината на јули 2017 година, да донесе соодветни акти за чистење на дрвјата и жбуновите на потегот од три метри од линијата на заедничката државната граница со Република Бугарија, од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50, во катастарските парцели кои се во приватна сопственост.

2. Се укажува на Јавното претпријатие „Македонски шуми“ – Скопје до 30 септември 2017 година, да изврши чистење на дрвјата и жбуновите на потегот од три метри од линијата на заедничката државна граница со Република Бугарија, од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50.

3. Се укажува на Јавното претпријатие „Македонски шуми“ – Скопје во рок од 10 дена да изврши измена на Програмата за работа за 2017 година со која ќе се предвиди чистење на граничната линија со Република Бугарија.

4. Се укажува на Јавното претпријатие „Македонски шуми“ – Скопје во рок од 10 дена да изврши измена на планот за јавни набавки и да обезбеди 45 моторни пили со кои ќе изврши чистење на граничната линија со Република Бугарија и дополнителни количини на гориво и масло за моторните пили и гориво за теренските возила.

5. Се укажува на Јавното претпријатие „Македонски шуми“ – Скопје во рок од 10 дена да објави оглас за вработување на 90 работници секачи, на определено време за месеците од јули до септември за итни и неодложни работи.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности, до 30 септември 2017 година, да ги определи координатите на граничните пирамиди и граничната линија во делот од Заедничката државна граница со Република Бугарија, од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50.

7. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија во Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-бугарската државна граница, да ги координира сите активности кои во текот на 2017 година треба да бидат преземени во делот од заедничката државна граница со Република Бугарија, од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50.

8. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија во Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско - бугарската државна граница, на секои три месеци до Владата да доставува информација за прогресот на активностите кои во текот на 2017 година треба да бидат преземени во делот од заедничката државна граница со Република Бугарија, од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50.

Истовремено, Владата заклучи финансиските средства за реализирање на предвидените активности да бидат обезбедени од постојните буџети на надлежните институции вклучително и Јавното претпријатие „Македонски шуми“ – Скопје.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Македонија за Светската трговска организација, во предложениот текст.

**<u>Точка 47</u>**

Владата го разгледа Барањето на Џордан Мајкл-Харолд Теодор, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 48</u>**

Владата го разгледа Барањето на Александар Обрадовиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 49**

Владата го разгледа Барањето на Јусуф Миракхмедов за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 50**

Владата го разгледа Барањето на Љубомир Шубара, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 51**

Владата го разгледа Барањето на Тимур Дибиров, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2014) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се оспорува членот 15 од Законот изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2014), со кој се менува членот 79 став 3 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/2011, 51/2011 и 27/2014), бидејки не се прави логична правна функционална целина меѓу тие две норми поради што се повредува начелото на правна сигурност вткаено во темелната вредност од членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Имено, според членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2014), во членот 79 во ставот (3) зборовите „став (5)“, се заменуваат со зборовите „став (6)“.

Меѓутоа, членот 79 од Законот за приватизација и закуп на државно земјиште во државна сопстаеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/2011, 51/2011, 27/2014, 144/2014, 72/2015, 104/2015, 153/2015, 23/2016 и 178/2016) има

вкупно 5 става, а во ставот 3 нема зборови „став (5) кои би се замениле со „став (6)“ на начин како што е поставено во оспорената одредба со оваа иницијатива.

Имено членот 79 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост гласи:

„(1) Правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост во целост и или во дел може да престане по барање на корисникот на градежното земјиште.

(2) По барање на лице кое има правен интерес, правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост во целост или во дел може да престане со согласност на корисникот на градежното земјиште.

(3) Престанокот на правото на користење на градежното земјиште од ставовите (1) и (2) на овој член се утврдува со решение на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи.

(4) Правото на користење на градежното земјиште од член 14 став (6) на овој закон престанува со решението на органот на управата надлежен за имотно-правните работи со кои се врши приватизација на градежното земјиште на кое барателот има изградено објект со правна основа.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“.

По проверката на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост со сите негови измени и дополнувања се утврди дека со членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2014) е направен пропуст во однос на одредбата од член 79 кој се менува со оспорената одредба од член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2014).

Имено, со членот 41 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014) изменета е одредбата од член 79 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и истата гласи како што е погоре цитирана.
Од содржината на одредбата од член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2014) произлегува дека истата претставува логична правна целина и целта на содржината е јасна, така што не се нарушува целта и содржината на прашањата кои се предмет на уредување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, а направениот превид при повикувањето на член 79 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, односно во членот 79 во ставот 3 зборовите „став (5)“, се заменуваат со зборовите „став (6)“, ќе може да се надмине со соодветна измена на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поради што одредбата од член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна

сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2014) не е во несогласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија предметната иницијатива да ја отфрли како правно неоснована.

**Точка** 53

Владата ја разгледа Иницијативата од Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ од Скопје, преку адвокат Ивана Јевтиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.45/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10, член 29 и член 70 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2017, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Во текстот на поднесената Иницијатива се истакнува дека со оспорените законски одредби од Законот за здравственото осигурување, повредени се член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 8, член 9, член 34, член 35 став 1, како и член 39 од Уставот на Република Македонија, на начин што законодавецот го условил правото на здравствена заштита со околноста дали Фондот за здравствено осигурување на Македонија склучил договор со определена здравствена установа. На овој начин законодавецот засегнал во правото на граѓаните слободно да определат во која здравствена установа ќе ги користат основните здравствени услуги, како и нивното право слободно да го изберат својот лекар. Понатаму, во поднесената Иницијатива се нагласува дека законодавецот му дал дискреционо право на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да одлучи, преку склучување на договори, во кои здравствени установи осигурениците ќе имаат право да ги користат здравствените услуги кои паѓаат на товар на Фондот.

Овие наводи во Иницијативата се неточни, неосновани и како што е нагласено и во самата иницијатива, Владата на Република Македонија веќе има дадено образложение и аргументи на претходно поднесени иницијативи до Уставниот суд на Република Македонија дека со оспорените законски одредби не се повредени ниту одредби од Уставот на Република Македонија, ниту се ограничени правата на граѓаните во делот на остварувањето на здравствената заштита.

Имено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија бр. 53/11), членот 9 во ставот 2 се измени и според истиот основните здравствени услуги Фондот ги обезбедува на осигурените лица во здравствените установи утврдени со мрежата на здравствени установи, во која се врши здравствената дејност, согласно со прописите од областа на здравствената заштита, во висина на утврдени цени со општ акт на Фондот, на кој министерот за здравство дава согласност. Со преодните и завршните одредби на овој Закон е предвидено дека оваа одредба ќе се применува по утврдувањето на мрежата на здравствени установи согласно со Законот за здравствената заштита.

Напоменуваме дека со Законот за здравствената заштита се утврдува нов приод кон фактичката состојба со дистрибуцијата на здравствени установи на ниво на општини, кадарот и опремата со кои располагаат како и оптималниот стандард кој треба да биде задоволен на одреден број население, а сè со цел да се согледаат пределите со недоволен опфат со здравствена заштита, потребата за рационализација на одредени сегменти од здравствена заштита и подобрување на состојбите и квалитетот на здравствената заштита преку обезбедување на поголема достапност на истата до населението. Во Министерството за здравство се изработени подзаконски акти со кои се предвидува број, вид и распределеност на здравствените установи, како и кадровската структура, обезбеденоста на установите од јавно здравство со опрема и обезбеденоста на населението со соодветни здравствени услуги.

Со утврдување на новите критериуми и нормативи за правилно планирање и управување со ресурсите, се очекува подобрување на состојбите во здравството, рационализација на трошоците во здравството, подобрување на квалитетот и достапноста на здравствените услуги и зголемување на задоволството на пациентите и здравствените работници.

Целта е да со правилно планирање и управување со ресурсите во здравството, здравствените услуги станат достапни до сите жители на државата, при што ќе се заштедат непотребни трошоци и ќе се придонесе за подобрување на квалитетот на здравствена заштита на сите категории од населението.

Мерки за одредување на мрежата се: вкупниот број на жители во Република Македонија, вкупниот број на осигурени лица во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, демографските карактеристики на жителите, здравствената состојба на населението, социјалната структура на населението, гравитирачки број на население, карактеристики на одредени подрачја, расположивост на здравствените ресурси, влијание на околината на здравјето на населението и економската моќ на населението.

Според член 4 од Уредбата за мрежата на здравствените установи, со мрежата, меѓу другото, се определува максималниот број на здравствени установи, тимови или услуги на ниво на општини, на ниво на региони или на ниво на Република Македонија. За доделување на лиценца на нова установа, тим или услуга во мрежата, Министерството за здравство спроведува постапка за доделување на лиценца согласно Законот за здравствената заштита.

Од тука произлегло и изменувањето на одредбите од Законот за здравственото осигурување во насока на потребите и оправданоста од склучувањето на договори на Фондот со здравствените установи кои се опфатени во мрежата и согласно тоа успешно спроведување на здравственото осигурување, односно здравствените услуги опфатени со здравственото осигурување. Со утврдувањето на мрежата на здравствените установи се обезбедува целосен опфат на здравствените услуги според соодветните потреби на осигурените лица. Со ова дополнување во законскиот текст произлегува обврската за Фондот да обезбеди користење на здравствени услуги во сите здравствени установи, согласно вкупниот број на жители во Република Македонија, вкупниот број на осигурени лица во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, демографските карактеристики на жителите, здравствената состојба на населението итн.

Согласно тоа, сите здравствени услуги кои се извршени во здравствени установи кои се надвор од мрежата, ќе бидат на товар на личните средства на осигуреникот. Задолжителното здравствено осигурување ги финансира здравствените услуги кои се извршуваат во здравствените установи кои се дел од мрежата на здравствените установи.

Со оглед дека со оспорените одредби од член 10 став 1 точка 8, член 29 став 3 и член 70 став 7 од Законот за здравственото осигурување, се оспорува односно се работи за процедурално прашање, со кое законодавецот ги уредува и допрецизира внатрешните структури т.е. внатрешното ниво на услуги и начинот на нивно правно дејствување, сè со цел да се има ред во постапката за лекување за да не се злоупотреби правото, а пред сè здравјето на граѓанинот од страна на правните субјекти кои се носители на здравствената заштита и објективно и субјективно, а истите тие работат по одредени законски прописи кои им се достапни на граѓаните, се смета дека со оспорената законска одредба не е сторена повреда на наведените уставни одредби.

Согласно наведените законски одредби, Фондот за здравствено осигурување на Македонија е од значителна важност за граѓанинот и е во функција да ги регулира правата и последиците од извршената здравствена заштита во здравствената установа, преземајќи го товарот од конкуренцијата на пазарот, особено појавата на повеќето приватни установи кои самоиницијативно и по нивно убедување, необврзувачки, сакаат или не сакаат да склучат договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за да би можел секој граѓанин и во тие установи да добие здравствена заштита, а пред се здравствена сигурност.

Согласно тоа, мрежата на здравствените установи во кои се врши здравствената дејност се предвидува во Законот за здравствената заштита и на предлог на министерот за здравство мрежата ја утврдува Владата на Република Македонија. Одредбите на Законот за здравственото осигурување се надоврзуваат на одредбите од Законот за здравствената заштита и заедно претставуваат логична правна целина.

Од тука констатацијата содржана во поднесената Иницијатива дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија има дискреционо право да одлучи во кои здравствени установи осигурениците ќе користат здравствени услуги преку склучувањето и раскинувањето на договорите е неоснована од причина што утврдениот статус на Фондот како купувач на здравствени услуги не значи и тоа дека Фондот има дискреционо право да одлучува во врска со склучувањето на договорите. Согласно Законот за здравственото осигурување и Законот за здравствената заштита, законска обврска на Фондот е да ги обезбеди основните здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи, утврдени со мрежата на здравствени установи и притоа Фондот нема законско овластување да одлучува поинаку преку склучувањето на договорите. Во договорите што ги склучува Фондот со здравствените установи се уредува видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги според медицина базирана на докази, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби од член 10 став 1 точка 8, член 29 став 3 и член 70 став 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003,

84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016) се во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 8, член 34, член 35 став 1 и член 39 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 точка 8, член 29 став 3 и член 70 став 7 од наведениот закон.

## Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 став 4 од Правилникот за специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници со високо образование од областа на медицината, донесен од министерот за здравство („Службен весник на Република Македонија", бр.85/2015), поднесена од Здружението на приватни лекари во Република Македонија од Скопје застапувано од Грозданчо Сутинов - адвокат од Велес и притоа го утврди следново мислење:

Во „Службен весник на Република Македонија", бр. 85/2015, објавен е Правилникот за специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници со високо образование, со кој се пропишуваат гранките на специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование, времето на нивното траење, деловите на стажот на специјализациите (турнуси), организациските, кадровските, материјалните и други поблиски критериуми, во зависност од видот на специјализацијата, односно субспецијализацијата што се спроведува кои треба да ги исполнуваат здравствените установи, плановите и програмите како и образецот на специјализантската книшка и на книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализации и субспецијализации, критериумите во однос на образованието и искуството во соодветната област на специјализациите, односно субспецијализациите за овластените здравствени работници, односно здравствени соработници (ментор, коментор и едукатор), како и начинот на спроведувањето на субспецијалистичкиот стаж, начинот на полагање на субспецијалистичкиот испит на здравствените работници со високо образование и начинот на спроведувањето на специјалистичкиот стаж, начинот на полагање на специјалистичкиот испит на здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои спроведуваат специјализација по епидемиологија, имунологија, медицинска генетика и молекуларна биологија, медицинска биохемија, медицина на трудот, медицинска микробиологија со паразитологија, нуклеарна медицина, патологија, судска медицина, социјална медицина и јавно здравје, спортска медицина и хигиена со здравствена екологија.

Во делот II од овој Правилник под гранки и времетраење на специјализациите и деловите на стажот од специјализациите на здравствените работници со високо образование од областа на медицината, под точката 31, пропишана е Семејна медицина како една од гранките на медицината со време на траење од 36 месеци.

Со член 24 од Правилникот е определено дека:

- на здравствените работници со завршен Медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација поминале на работа во дејноста општа медицина или кои работат како избрани лекари од три до шест години, во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 24 месеци стаж на специјализација,

- на здравствените работници со завршен Медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација поминале на работа во дејноста општа медицина или кои работат како избрани лекари од 7 до 14 години, во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 27 месеци стаж на специјализација,

- на здравствените работници со завршен Медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација поминале на работа во дејноста општа медицина или кои работат како избрани лекари повеќе од 14 години, во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 30 месеци стаж на специјализација, дека:

  - ова признавање на стажот за специјализација по семејна медицина за овие здравствени работници ке се врши заклучно со 31.12.2020 година и дека
  - решение за признавање на овој стаж на специјализација го донесува високообразовната установа во која се спроведува специјализацијата по барање на здравствениот работник.

Со став 4 на напред наведениот член 24 од Правилникот изразена е интенцијата на Министерството за здравство, заедно со Катедрата по семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, на здравствените работници со завршен Медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација:

- поминале на работа во дејноста по општа медицина како избрани лекари од три до шест години,

- поминале на работа во дејноста општа медицина или кои работат како избрани лекари од 7 до 14 години,

- поминале на работа во дејноста општа медицина или кои работат како избрани лекари повеќе од 14 години, во стажот за специјализација по семејна медицина Медицинскиот факултет со решение да им признава 24, односно 27, односно 30 месеци стаж на специјализација. Признавањето на овој стаж високообразовната установа ќе го врши најдоцна до 31.12.2020 година.

Од напред посочениот член од Правилникот произлегува дека, намерата и на Министерството за здравство и на Катедрата по семејна медицина е признавањето на овој стаж, високообразовната установа да го врши само во постапката за одобрување на специјализација по семејна медицина по барање на здравствениот работник.

Овој член од Правилникот не е во директна спротивност со Уставот на Република Македонија, како што се наведува во Иницијативата. Тој не навлегува во основните слободи и права на лицата кои ја вршат лекарската дејност во здравствените установи кои се основани и работат врз основа на закон, со тоа што тие започнале да им тече стажот како избрани лекари па тоа право на признат стаж во дејноста по општа медицина како избран лекар да им престане

заклучно со 31.12.2020 година, со што како што стои во Иницијативата ќе се создаде нееднаков пристап кон слободата на претприемништвото и сопственоста како право на слободен и еднаков третман на граѓаните.

Содржината на овој член од Правилникот произлегува од содржината на документот усвоен од страна на Владата на Република Македонија во 2007 година - Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 за воведување на категорија специјализирани семејни лекари како водечки членови на тимовите (тим лидери) во примарната здравствена заштита. Основната цел на оваа стратегија е реализирање на сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем - кои обезбедуваат здравствени услуги на ниво на примарна здравствена заштита, меѓу другите мерки, воведување и на специјализација по семејна медицина во примарната здравствена заштита. Во моментов, во примарната здравствена заштита работат различни профили на лекари (општи лекари, специјалисти по општа медицина, педијатри, специјалисти по школска медицина, специјалисти по медицина на трудот и гинеколози), чиишто квалификации се исто така различни, што може да претставува пречка за сеопфатна и холистичка здравствена заштита на населението. Парадигмата на семејната медицина нуди ефективна, ефикасна, сеопфатна и финансиски одржлива примарна здравствена заштита.

За спроведување на концептот за семејна медицина произлезен од овој документ, неопходно се наметна потребата од воведување на специјализација по семејна медицина како задолжителна.

Денес со положување на стручниот испит по завршување на додипломската настава, лекарот може самостојно да работи само во областа на општа медицина, но не како семеен лекар-специјалист. Во текот на додипломските студии студентите не се стекнуваат со потребните знаења, вештини и ставови за работа како семеен лекар. За сите други специјалности потребна е специјализација за самостојно работење. Токму во овој документ кој што содржински треба да заврши со програмските активности до 31.12.2020 година, содржана е определбата дека самостојното укажување на здраствената заштита ќе биде условено со лиценца за работа која пак од своја страна по овој период ќе можат да ја имаат само докторите специјалисти-вклучително и докторите специјалисти по семејна медицина, а не и докторите по општа медицина. Докторите по општа медицина, укажувајки здравствени услуги во спроведувањето на здравствената заштита во примарното ниво на здравствената заштита се оспособуваат за работа и вршење на одредени знаења и вештини кои по природата на работите, дел од нив припаѓаат и на семејната медицина. Затоа и определбата од оспорениот член од Правилникот е во спроведувањето на специјалистичкиот стаж по семејна медицина, одредени делови од турнусите по оваа специјалност да бидат прифатени од поминатиот стаж на докторите кои укажуваат здравствена заштита во примарното ниво како избрани лекари. Определбата на Министерството за здравство, заедно со Катедрата по семејна медицина преку овој документ - Национална стратегија за здравството до 2020 година е процесот на стекнувањето со специјализација по семејна медицина на докторите на медицина кои укажуваат здравствена заштита како избрани лекари да се заврши заклучно со 31.12.2020 година. Од тука и определбата во член 24 од Правилникот, дека признавањето на стажот на здравствените работници поминат во дејноста по општа медицина како избрани лекари за поминување на стажот по специјализацијата по семејна медицина ќе биде најдоцна до 31.12.2020 година. По истекот на овој период, според развојните планови на Министерството за здравство планирано е примарната здравствена заштита да се спроведува само од страна на доктори-специјалисти по

одредени гранки на медицината: педијатрија, гинекологија, училишна медицина, спортска медицина, трудова медицина, вклучително и семејна медицина, којашто како специјалистичка гранка на медицината до овој период ќе се споведува со запишување на докторите по општа медицина на специјализација по оваа специјалност и преку признавање на одредени делови од нивниот стаж во стажот за спроведување на специјализацијата.

По дефиниција семејниот лекар обезбедува континуирана, сеопфатна нега на пациентот како индивидуа, независно од неговата возраст, пол, раса, религија, социјална и економска состојба, без оглед на присуство на болест или природата на презентирање на заболувањето. Семејниот доктор градејќи доверлив однос со пациентот ја прифаќа одговорноста за решавање и водење на сите негови здравствени потреби. Семејната медицина ја нагласува одговорноста на докторот за целокупната здравствена заштита на пациентот - од првиот контакт и првичната проценка, па се до грижата за хроничните проблеми со текот на годините.

Семејната медицина е специјалност која дели многу заеднички области со другите клинички дисциплини, но обединети на посебен начин, кој обазбедува уникатна медицинска заштита. Посветеноста на континуирана, сеопфатна, индивидуална нега, дијагноза и терапија на акутни и ургентни состојби, рано откривање и водење на хронични болести, превенција на болести и одржување на здравјето, советување и едукација на пациентот, водење на грижа за пациентите како дел од заедницата, се спецификите на семејната медицина кои го прават семејниот лекар посебен и различен од другите специјалисти. Овие специјалисти, поради интеракциите со семејството, најдобро се едуцирани да послужат како советници на пациентот, да го советуваат за сите здравствени прашања, за упатување на специјалисти, за рационално користење на здравствени услуги и други ресурси во заедницата. Една од основните функции на семејниот лекар е неговата подготвеност да ја прифати одговорноста за водење на здравствената грижа на пациентот.

Одлуката за воведување на високообучени специјалисти по семејна медицина во примарната здравствена заштита е во согласност со глобалната политика за постигнување на стандарди за квалитет, кои на целото население би му понудиле добра, подеднаква и квалитетна здравствена заштита. Документот на СЗО „Здравје за сите во 21 век“ од 2008 година, како 15-та цел ја нагласува ориентираноста на семејството и заедницата кон примарна заштита, се со цел да се пружи сеопфатна континуирана здравствена заштита, а основен носител на примарната здравствена заштита да е специјалистот по семејна медицина. Во процесот на хармонизацијата со директивите на Европската Унија сите лекари кои работат самостојно со пациенти треба да бидат специјалисти (ЕУ директива 2005/36/ЕЦ) после обавување на задолжителна специјализација по семејна медицина во времетраење од минимум три години. Со воведувањето на специјализацијата по семејната медицина ќе се задоволи овој критериум т.е. ќе се усогласиме со ЕУ директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, ќе се зголеми квалитетот на здравствената заштита на истото и подобро ќе се искористуваат здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот.

Искуствата од Семејната медицина во Европа се позитивни (UEMO 2009/002, WHO 2008, Perspective of FM in central and Eastern Europe 2008), во голем број земји во тек се програми за нејзино воведување и интегрирање во здравствениот систем. Во 22 од 28 земји членки на Европската Унија има семејна медицина. Во Словенија, Хрватска, Бугарија, Босна и Херцеговина има развиена семејна медицина на ниво на примарна здравствена заштита. Црна

Гора и Србија сега се во процес на воведување на семејна медицина на ниво на примарната здравствена заштита.

Процес на доедукација на докторите кои спроведуваат општа медицина заради стекнување со специјализација по семејна медицина има спроведено и во околните земји Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Романија, а по Македонија истото го спроведе и Црна Гора.

Со воведување на доедукација по семејна медицина во период од 10 години им се овозможи на постојните доктори кои работат како избрани доктори во примарната здравствена заштита, да им се признае работниот стаж како општи лекари и со поминување на одреден период (од 3 до 12 месеци) на практична и теоретска обука под надзор се стекнат право да полагаат специјалистички испит и да се здобијат со звање специјалист по семејна медицина. На тој начин нема да се поремети работата на примарната заштита. Од 2010 година до 2020 година беше планирано на годишно ниво да се запишуваат по 100 доктори на доедукација со што до декември 2020 година сите доктори би се стекнале со звање специјалисти по семејна медицина.

Со оглед на горенаведеното, со сигурност се смета дека со доедукацијата и специјализацијата по семејна медицина ќе се подигне нивото на квалитетот во примарната здравствена заштита, согласно следењето на искуствата од земјите во Европа каде истата е спроведена. Исто така, специјализацијата по семејна медицина претставува хармонизација со директивите на Европската Унија во однос на примарната здравствена заштита. Од напред наведеното, несомнено произлегува дека неточни се наодите од подносителот на Иницијативата, кога во Иницијативата наведува дека оспорениот член од Правилникот е спротивен на одредбите од член 8 и член 9 од Уставот на Република Македонија. Оваа одредба од Правилникот во никој случај не ги повредува темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, не задира и не ги нарушува еднаквоста на слободата и правата на граѓаните независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Неточна е, не стручна и промашена е констатацијата на поднесителот на Иницијативата дека со овој член од Правилникот се ограничува правото на признавање на работен стаж кој се регулира со посебен закон и пропис со што се ставаат во нееднаква положба граѓаните, со тоа што не им се признава право на работен стаж по истекот на 31.12.2020 година. Напротив, признавањето на стажот на лекарот од примарната здравствена заштита како избран лекар во спроведувањето на специјализацијата по семејна медицина е придобивка која помага лично и на ниво на држава овој процес на едукација на здравствените работници во специјалисти по семејна медицина да се заврши во планираниот рок, со што системот на здравствената заштита од примарното ниво ќе биде побогат за една специјализација со стандарди за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, со зголемен квалитет на здравствена заштита на истото, со подобро искористување на здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорената одредба е во согласност со Уставот на Република Македонија, поради што нема основа, ниту аргументи за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 став 4 од Правилникот за специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници со високо образование („Службен весник на Република Македонија“, бр.85/2015), поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати поднесената Иницијатива.

<u>**Точка 55**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Ибрахим Амети од Гостивар, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.10/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 100-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015) и притоа го утврди следното мислење:

Со доставената Иницијатива подносителот на истата предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 100-а од Законот за семејството, односно бара укинување или поништување на истиот со образложение дека помеѓу посвоител и посвоеник не треба да постои старосна граница, односно дека како што при раѓање не постои старосна граница, така не може да има и старосна граница при посвојување, врз основа на што смета дека оваа законска одредба не е во согласност со член 8, став 1, алинеја 3 и алинеја 8, член 9, член 40, член 51 и член 54 од Уставот на Република Македонија.

Со членот 40, став 4 од Уставот на Република Македонија, утврдено е дека Републиката обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа.

Во Законот за семејството, од член 95 до член 123-а уредена е постапката за посвојување, усогласена со постојната регулатива.

Условите и критериумите за посвојување се утврдени во Законот, а начинот на избор на посвоител и поблиските критериуми за избор на посвоител утврдени се во Правилникот за поблиските критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски пат.

Согласно Законот за семејството, со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓање (потполно посвојување) или само односи што постојат меѓу родители и деца (непотполно посвојување).

Во основа институтот посвојување примарно е во насока на заштита на најдобриот интерес на детето-член 97.

Во член 100-а од Законот за семејството е утврдено:
„Посвоител може да биде лице кое е деловно способно, кое има лични својства за успешно вршење на родителските права и да не е постаро од 45 години.
Посвоител може да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот.
По исклучок од ставот 1 на овој член како посвоител може да се јави и лице кое е постаро од 45 години, но старосната граница меѓу посвоителот и посвоеникот не смее да биде поголема од 45 години.
Брачни другари можат да се јават како посвоители ако еден од нив не ја надминува горната старосна граница.“.

Изборот на посвоителот ќе зависи од следниве критериуми:

- здравствена состојба,
- психосоцијален статус,

- материјални услови,
- станбени услови,
- време на чекање,
- степен на образование,
- брачен статус и
- државјанство.

Поблиските критериуми за избор на посвоител од ставот 5 на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика.

Република Македонија ја има ратификувано Европската конвенција за посвојување на деца која е влезена во сила на 16.4.2003 година.

Во членот 7, став 1 од наведената Конвенција е утврдено дека „Дете може да биде посвоено единствено ако посвојувачот ја достигнал минималната возраст, која е предвидена за таа намена, при што таа возраст да не биде ниту помала од 21, ниту поголема од 35 години".

Согласно член 25 од Европската конвенција за посвојување на деца секоја договорна страна може во моментот на потпишувањето да направи резерва во однос на некоја од одредбите на Конвенцијата.

Република Македонија согласно членот 25, став 1 од Конвенцијата, при потпишувањето поднесе резерва на членот 7, став 1 која се однесува на возраста на посвоителот, со оглед на тоа што според законодавството на Република Македонија возраста на посвоителот е 18 години, а не беше определена горната граница на посвоителот.

Со измените и дополнувањата на Законот за семејството направени во 2004 година минималната старосна граница за посвоителот и понатаму остана 18 години, но се утврди горната старосна граница на посвоителот, а тоа е 45 години.

При обновувањето на резервата на членот 7, став 1 од Конвенцијата, во 2008 година беше ставена резерва и во однос на горната старосна граница на посвоителот, која согласно Конвенцијата е 35 години возраст на посвоителот, бидејќи со измените и дополнувањата на Законот за семејството се утврди и горна старосна граница на посвоителот од 45 години.

При определувањето на условите за посвојување на деца од страна на посвоител до 45 години и посвоител над 45 години, законодавецот се водеше од најдобриот интерес на детето, со цел со посвојувањето да се воспостави однос родител-дете кое е најблизок до односите кои постојат во биолошкото семејство.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Македонија.

Цитираните одредби од Законот за семејството се во согласност со Уставот на Република Македонија и Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република

Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста, поднесена од адвокат Ибрахим Амети од Гостивар, како неосновна.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Организација на работодавачи на Македонија до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 1 втора реченица, член 34 став 8 втора реченица, член 86 став 1 втора реченица, член 87 став 1 втора реченица и член 218 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016) и притоа го утврди следното мислење:

I. Подносителот на уставната иницијатива наведува дека со донесувањето на новиот Закон за извршување беа извршени значителни промени, кои предизвикаа воспоставување на нерамнотежа, нееднаквост и дискриминација на физичките лица кои како своја професија ја избрале правната професија и адвокатите и вработените правници во банките, штедилници и осигурителни компании, односно дека со донесувањето на новиот Закон за извршување, еднаквиот третман на граѓаните кои за своја професија ја избрале правната професија, во целост е доведен во прашање, бидејќи креира дискриминација помеѓу истите делејќи ги на адвокати/правници вработени во банки, штедилници, финансиски друштва, друштва за осигурување, на една страна и правници кои работат и извршуваат правни работи во останати трговски друштва. Се наведува дека ова претставува класичен облик на дискриминација и нееднаков третман, во однос на друга фаворизирана група на лица, особено ако се земе предвид дека таа фаворизирана група воопшто не поседува некоја посебна квалификација, знаење и стручност, заради кои би се издвоиле како единствени даватели на правна помош во постапките за извршување.

Наведено е дека ваквите одредби се спротивни на Уставот на Република Македонија, бидејќи ја доведуваат правната сигурност и еднаквост на граѓаните пред Уставот, законите и воопшто во целокупното општествено функционирање.

Во однос на членот 28 став (1), подносителот наведува дека не е јасно зошто дипломираните правници во трговските друштва се во нерамноправна положба на начин што се изземени од можноста да поднесат едно обично барање за спроведување на извршување пред извршител или приговор за незаконитости во извршувањето.

Во однос на членот 86 став (1), од Законот за извршување наведено е дека продолжува дискриминацијата и во ограничување на можноста за составување на приговорот на извршно дејствие во предметите чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра. Се наведува дека не е образложен основот и принципот во законското решение, врз основа на кој се прави поделба на квалификувани и неквалификувани правници, како и дека стекнувањето на правна квалификација и утврдувањето на степенот на нечија квалификуваност, односно неквалификуваност како правник, не смее да биде изразена како своеволно толкување, туку израз на почитување на законски прописи и воспоставен образовен систем. Наведено е дека ова законско решение е спротивно на принципот на пазарна конкуренција утврден во член 5 од Уставот на Република Македонија, бидејќи самиот поим пазарна конкуренција значи дека сите граѓани кои се стекнале со квалификација за вршење на правната професија се еднакви на

пазарот, без разлика во кој дел од пазарот тие ја остваруваат истата. Наведено е дека ваквото законско решение е спротивно на принципите на слободна економија и пазарно стопанство, бидејќи утврдува дискриминација и воспоставување на нефер услови за пазарна конкуренција.

Наведено е дека со ваквите неиздржани законски решенија не само што постапката се оспорува, туку дополнително истата станува поскапа и отежната во правото на остварување на наплата на своето побарување, како во однос на трговските друштва, така и од обичниот граѓанин.

Според наводите истото се однесува и на членот 87 став (1) од Законот за извршување, и дека и во овој случај не постои, ниту еден издржан аргумент за поставување на ригидни граници за утврдување кој и зошто е овластен, без постоење на критериум по кој се поставува границата, во систем во кој сите треба да бидат еднакви врз основа на своите квалификации и стекнато образование.

Наведено е дека правото на правна помош, како право е загарантирано и со Законот за парнична постапка во кој мериторно се одлучува за правата и обврските на правните и физичките лица, особено ако се има во вид дека и пред судот секој има право да се застапува сам.

Наведено е дека утврдувањето на адвокатурата како една од уставните гаранции за основните слободи и права, не значи дека таа е и единствена надлежна за пружање и обезбедување на правна помош.

Наведено е дека граѓаните кои имаат потреба од правна помош и правна заштита имаат право на избор, дали активно ќе вклучат адвокат во остварувањето на своето право на заштита или истото тоа сами ќе го вршат, во зависност од нивната диспозиција и способност да го одбранат она што им припаѓа.

Наведено е дека на овој начин Законот за извршување го ограничува правото на заштита и целосно го исклучува правото самостојно да побара заштита, што е една од основните карактеристики на слободните демократски општетства.

Наведено е дека овие законски решенија се контрадикторни и спротивни на членот 80 од Законот за парнична постапка, односно дека во Законот за парнична постапка е утврдено дека правото на полномошник е право, а не обврска, дека странките во постапката можат да преземаат дејствија лично или преку полномошник.

Според наводите на подносителот ниту во Законот за адвокатурата, Законот за банки, Законот за супервизија на осигурување, за адвокатите или пак правниците вработени во банките, штедилниците, осигурителни друштва, не се утврдени никакви дополнителни квалификации на овие лица, кои тие евентуално би требало да ги обезбедат или поседуваат, за да можат да вршат и даваат помош на лицата кои ги застапуваат .

Подносителот на иницијативата наведува дека оспорените одредби од Законот за извршување се спротивни на членот 8, членот 9, членот 15, членот 50 став (1) ,членот 53, членот 54 и членот 55 од Уставот на Република Македонија.

Наведено е дека оспорените законски одредби според кои правната помош единствено и склучиво ја обезбедуваат адвокатите, не е во интерес на граѓаните и правните лица, со оглед на тоа што е премногу рестриктивно целосно се исклучени правниците кои работат во трговските друштва. Воедно, се наведува дека овие законски решенија создаваат нееднаквост односно дискриминација меѓу граѓаните и правните лица. Самата поделба на правните субјекти според која некои можат (банките, државата и др.), а сите останати не можат да преземаат дејствија пред извршител, е направена без никаков критериум и е дискриминација која е основа за нарушување на балансот или еднаквоста во положбата на субјектите на пазарот.

Ваквите наводи на подносителот на иницијативата се неосновани од следните причини:

Донесувањето на Законот за извршување е во насока на натамошно имплементирање на современите достигнувања во областа на извршувањето следејќи ги компаративните искуства и европските стандарди во однос на модернизирање на граѓанското законодавство, поголема правна сигурност и заштита на правата на граѓаните.

Членот 28 став (1) од Законот за извршување се однесува на поднесување на барањето за извршување и во истиот е пропишано дека барањето за извршување на извршната исправа доверителот го поднесува до извршителот во писмена форма со приложување на извршната исправа во оригинал. Барање за извршување на извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжитено го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице.

Членот 86 став (1) од истиот закон се однесува на изјавувањето на жалба против Решението по приговор и во истиот е пропишано дека, странката, учесникот или трето лице кое што смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконски или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него, се спроведува. Приговорот на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице.

Според член 87 став (1) од Законот за извршување кој се однесува на жалба против Решението по приговор, против Решението од член 86 од овој закон, странката, учесникот или третото лице и извршителот има право да поднесе жалба до Апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд. Жалбата против Решението донесено по приговор на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице.

Со вака пропишаните одредби, се обезбедува поголема правната сигурност на граѓаните и правните лица и брзо и ефикасно спроведување на извршувањето по поднесените барања за извршување од доверителите.

Имено, во конкретниот случај станува збор за поднесување на барање за извршување до извршител поради што поведувањето и водењето на оваа постапка пред извршител од страна на доверители кои не го познаваат Законот за извршување би имало големи последици по остварувањето на нивните права, односно доверителите најчесто не се запознати со сите права кои им следуваат согласно Законот за извршување, па настануваат дополнителни трошоци за должниците поради дополнително уредување на барање за извршување од страна на доверителот, а сето тоа на штета и на трошок на должникот. Воедно ќе се намалат и трошоците на должниците кои ќе бидат запознати со своите права и обврски преку стручно и компетентно изготвување на приговорите и жалбите и давањето на соодветната правна помош од страна на адвокати.

Со Законот за адвокатура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011 и 113/2012), се пропишува дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која единствено обезбедува и дава правна помош.

Според член 18 од наведениот закон адвокатот става свој потпис и печат на секоја исправа или поднесок во неговата канцеларија, за што гарантира дека истата е во согласност со Законот за адвокатура или друг закон.

Во конкретниот случај со ваквите одредби ќе се зголеми правната сигурност од причина што адвокатите, согласно член 18 од Законот за адвокатура ставаат свој потпис и печат на секоја исправа или поднесок во неговата канцеларија, за што гарантираат дека истата е во согласност со Законот за адвокатура или друг закон и одговараат за причинетата штета на странките, со што странките се заштитени и од одговорност за штета причинета од адвокатите, поради законската обврска на адвокатите да се осигуруваат од одговорност за штета.

Со вака пропишаните одредби се обезбедува и поголема правна сигурност на доверителот и должникот при остварувањето на правото на приговор против преземено извршно дејствие од извршител, како и жалба против Решение на Основниот суд кој одлучувал по приговор на странките, односно истите немаат соодветни познавања за правата кои им ги обезбедува Законот за извршување во овие постапки.
Од горенаведеното, со вака пропишаните одредби ќе се обезбеди поголема правната сигурност на граѓаните и правните лица и заштита на нивните права и интереси во извршните постапки кои ги спроведуваат извршителите со што ќе се намали бројот на судски постапки, а ќе се зголеми и ефикасноста на извршителите при спроведување на извршувањата што ќе доведе до побрзо остварување на правата на доверителите и заштитата на правата на должниците при спроведување на извршувањата.

II. Во однос на членот 34 став (8) од Законот за извршување подносителот наведува дека воопшто не е јасно зошто стажот на правниците кои работат во трговските друштва во стопанството, а не се банки осигурителни компании или лизинг друштва, не може да се смета како предност во случај на рангирање кандидат за извршител. Наведено е дека местото каде што

се остварува правната професија воопшто не смее да претставува критериум за избор на лице кое конкурира на оглас за извршител, бидејќи е противуставно и ги загрозува правата на граѓаните утврдени со Европската конвенција за човекови слободи и права и Општата декларација за човекови права на Обединетите нации. Се наведува дека оваа одредба е дискриминаторна и задира во основните права и слободи на граѓаните, особено правото на работа и правото на пристап до секое работно место уредено како право на секој граѓанин и гарантирано со Уставот.

Според наводите фактот дека испитните резултати, преку кои се утврдува познавањето и квалификацијата на правниците, не претставуваат единствен критериум врз основа на кој се врши евалуација, туку дополнително вклучува паушална поделба на квалификација на правниците во зависност од правното лице каде ги вршат правните работи, ни оддалеку не е критериум, кој може да обезбеди квалификувани кандидати или поголема правна сигурност. Се наведува дека правниците вработени во стопанството вршат далеку поширок дијапазон на правни работи и активности во текот на работењето кој е далеку пообемен и попредизивикувачки во примената и создавањето на правото за разлика од правник вработен во друга специјализирана институција.

Ваквите наводи на подносителот на иницијативата се неосновани од следните причини:

Со членот 34 од Законот за извршување се уредува постапката за именување на извршител. Согласно ставот (1), од овој член Комисијата при изготвување на ранг- листата, доколку кандидатите имаат ист број на освоени поени, го зема предвид времетраењето и видот на работниот стаж. Предност во рангирањето има оној кандидат со подолг работен стаж стекнат кај извршител, нотар, адвокат, во правосудни органи и органи на државна управа од обласста на правосудството и финансии.

Со новиот Закон за извршување се воведуваат нови дополнителни критериуми и услови за да едно лице биде именувано за извршител со цел зголемување на стручноста и капацитетот на извршителите, како лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон именувани од министерот за правда. Со ваквиот начин на именување на извршители се надминува законското решение од претходниот Закон за извршување кој му дозволуваше на министерот дискреционо право за именување на извршител од пријавените кандидати и се овозможува поголема транспарентност и непристрасност при одлучувањето за тоа кој ќе биде именуван за извршител односно извршител ќе се именува редоследно од прворангираните кандидати. Ваквата одредба со која им се дава предност на кандидатите со подолг работен стаж стекнат кај извршител, нотар, адвокат, во правосудни органи и органи на државна управа од областа на правосудството и финансии, е со цел стекнатите знаења и искуства да им помогнат поквалитетно да ја извршуваат должноста извршител.

Правниците вработени во приватните трговски друштва најчесто работат и на други работи, а не и со правна материја или вршат само подготвителни правни работи, а приватните трговски друштва ангажираат адвокати кои ги вршат сите правни работи вклучувајќи ги и контактите во вршење на правните работи и предметите поврзани со извршителите, со што имаат поголемо искуство во извршувањето.

Од причина што во конкретниот случај се работи за извршител, односно лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, ова законско решение ќе ја зголеми стручноста и компетентноста на идните кандидати за извршители, што ќе значи и потврда дека кандидатот за извршител работел на конкретни правни работи по положувањето на правосудниот испит, со цел обезбедување на поголема правна сигурност на странките, учесниците и третите лица во постапката за извршување.

Со новиот закон се воведуваат дополнителни квалитативни перформанси за извршителите, во смисла на задолжителен правосуден испит, минимум работно искуство од две години по положениот правосуден испит, познавање на странски јазик, полагање на психолошки тест и тест на интегритет, со што ќе се зајакне извршителската дејност, ќе се зголеми успешноста на извршителите и квалитетот во нивното работење. Законот за извршување несомнено ќе овозможи следење во чекор на европските трендови во сферата на присилното извршување.

Сите овие придобивки од новиот закон, најпосле ќе импилицираат и позитивни последици за доверителите во Република Македонија, кои што на побрз, поедноставен, поекономичен и поефикасен начин ќе можат да ги остварат своите права востановени со извршни судски одлуки и судски порамнувања и извршни одлуки и порамнувања во управни постапки, ако гласат на исполнување на парична обврска.

Воедно државата со оглед на јавните овластувањата кои ги има пренесено на извршителите, има право да пропишува построги критериуми од критериуми за други работни места, за кои исто така се бараат други критериуми за специфичното работно место, а со оглед на специфичноста на извршителската должност и потребата од стручни и компетентни лица како кандидати за идни извршители.

III. Во однос на членот 218 од Законот за извршување подносителот наведува дека со овој член се повластуваат единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија и други државни органи, кога се утврдило дека врз нивните парични средства нема да се спроведе извршување, иако доверителите во рамките на заштита на своите права во постапка во која тие институции учествувале како учесници на пазарот го докажале своето побарување, но членот 218 на овие субјекти им овозможува ограничување во извршувањето. Наведено е дека со можноста претседателот на судот да утврдува кои се неопходни средства за вршење на дејност на тие субјекти, а притоа неутврдување дека паричните средства кои се дел од платниот промет на истите не може да бидат исклучени од извршувањето, е основ за нееднаква положба на правните субјекти на пазарот, која се применува во секоја постапка пред извршителот кога како субјекти се јавуваат истите. Наведено е дека на овие субјекти непречено им е овозможено да стапуваат во деловни односи како странки, а при исполнување на обврските се повластуваат, надвор од границите кои ги утврдил Уставот, со вакvото законско решение се доведува во прашање и правна сигурност. Наведено е дека ова претставува класична дискриминација, од причина што од примената на Законот, директно се изземаат државните органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија.

Ваквите наводи на подносителот на иницијативата се неосновани од следните причини:

Со членот 218 од Законот за извршување кој го уредува извршувањето врз подвижни предмети и права спрема Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.

Според став (2) од истиот член кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.

Согласно членот 218 од Законот за извршување, основните судови кога ќе одлучуваат по приговори на извршни дејствија поднесени од Република Македонија, државни органи, општини и јавни претпријатија, определуваат минимум на подвижни предмети и права, како и парични средства кои се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот. Во постапката по приговор, на рочиште, со вештачење, се утврдува месечниот минимум, односно тековните обврски на месечно ниво на должникот, со што должникот не би се довел во ситуација да не може да ја врши својата дејност од јавен интерес, за која е основан.

Од горенаведеното, неспорна е примената на членот 218 од Законот за извршување, од страна на претседателите на судовите кога одлучуваат по приговори, односно кога одлучуваат за утврдување на минимален износ на парични средства потребни за извршување на основните функции на општините, јавните претпријатија и државните органи, над кои не може да се спроведе извршување.

Воедно, за истата одредба од член 211 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/2010, 83/2010, 88/2010, 171/2010, 148/2011 и 187/2013), беше поднесена Иницијатива за оценување на уставноста на таа одредба со тоа што Уставниот суд на Република Македонија, донел Решение У бр.199/2012 од 16.1.2013 година, со кој ја отфрлил Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста.

Воедно, подносителот предлага Уставниот суд на Република Македонија да донесе Решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорените законски одредби, бидејќи со нивното извршување, би можеле да настанат тешко отстранливи последици и штети, но подносителот на иницијативата овие наводи не ги поткрепи со ниеден доказ ниту објаснување како би настанале тие тешко отстранливи последици и штети.

Од анализата на наведените законски одредби и на Законот во целина, произлегува дека законодавецот, во согласност со своите уставни надлежности да донесува закони и да уредува одделни области од општествениот живот, јасно и прецизно утврдил што се подразбира под извршување во смисла на овој закон, како и ја пропишал постапката за спроведување на извршувањето, која вклучува и право на поднесување на приговор на извршно дејствие, како и жалба против Решението донесено од страна на првостепениот суд во постапката за извршување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека оспорените одредби од членот 28 став 1 втора реченица, член 34 став 8 втора реченица, член 86 став 1 втора реченица, член 87 став 1 втора реченица и член 218 од Законот за извршување, се во согласност со на членот 8, членот 9, членот 15, членот 50 став (1), членот 53, членот 54 и членот 55 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот за извршување и да донесе Решение со кое се одбива како неоснован предлогот за донесување на решение за изрекување на времена мерка.

**Точка 57**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.48/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 став 1 во деловите: „треба“ и „сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган“ од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација да подготви заедничко мислење во соработка со Министерството за правда, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, кое ќе го достави до Владата.

**Точка 58**

1. Владата го разреши Александар Ѓорѓиев од должноста портпарол на Владата на Република Македонија.

2. Владата го разреши Лука Кржалоски од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија - Скопје.

2.1. Владата го именува Мартин Костовски за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија - Скопје.

3. Владата го разреши Марјан Спасески од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за млади и спорт.

3.1. Владата го именува Дарко Каевски за вршител на должноста директор на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата од 3,1.

4. Владата го разреши Филип Петровски од должноста директор на Државниот архив на Република Македонија.

4.1. Владата го именува Кирил Петров за вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја разреши Лидија Костовска од должноста директор на Државниот завод за статистика.

5.1. Владата го именува Апостол Симовски за вршител на должноста директор на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Ромео Деребан од должноста вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација.

6.1. Владата ја именува Фаница Николовска за вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата врз основа на член 15 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016) заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ја разреши Жаклина Николовска од должноста директор на Агенцијата за администрација поради истек на мандатот, а за директор на Агенцијата за администрација да го именува Спасе Глигоров.

8. Владата ја разреши Јорданка Ацовска од должноста член на Посебната комисија за утврдување условот - владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија.

8.1. Владата ја именува Снежана Маркова - Пендовски од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија за член на Посебната комисија за утврдување условот - владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија.

9. Владата за претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за старословенска култура - Прилеп ги определи:

- д-р Љупчо Маркушески
- д-р Татјана Атанасоска и
- д-р Бранко Димески

Со определувањето на новите претставници во Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп, на досегашните претставници им престанува мандатот.

10. Владата на Владимир Атанасовски, разрешен од функцијата директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци.

11. Владата на Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика по истекот на мандатот за кој е именуван му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци.

**<u>Точка 59</u>**

1. Владата по повод Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за прв квартал од 2017 година, заклучи сугестиите дадени при расправата во текот на седницата да бидат земени предвид при изработката на стратегијата за отстранување на слабостите и потврдување на предностите во функционирањето на Инспекцискиот совет, а во функција на негова објективна работа.

2. По повод укажувањето на д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во врска со материјалите доставени од Собранието на Република Македонија, кои се одложени на 2-та седница на Генералниот колегиум на државни секретари, одржана на 27.6.2017 година, Владата заклучи:

- се задолжуваат ресорните министерства, најдоцна до 3.7.2017 година (понеделник) да достават допис до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија дали остануваат на текстовите на предложените мислења по однос на овие материјали или да достават нови мислења по истите.

3. По повод укажувањето на Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во врска со назначување на членови и заменици во Експертскиот комитет за ромски и мигрантски прашања (CAHROM), Владата заклучи министерот без ресор, Самка Ибраимовски, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, пишан материјал во врска со ова да достави во редовна владина постапка.

4. Владата заклучи:

- Се укажува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје (од постојните 11 милиони денари), да издвои средства во висина од 7 милиони денари од приходи од тековното работење на ова акционерско друштво, со намена истите да се пренасочат на фирмата ВИА Инженеринг од Вевчани, за итна набавка на надворешни единици за клима уреди за потребите на Телеком Арена во Скопје, а остатокот од 4 милиони денари да останат резервирани за евентуални потреби до одржувањето на Суперкупот на УЕФА, кој ќе се одржи на Телеком Арена во Скопје.

5. Владата по повод предлогот на д-р Арбен Таравари, министер за здравство за донесување одлука за престанување на важење на Одлуката за давање во закуп на дел од недвижни ствари со непосредна спогодба на Град Скопје, која се однесува на паркингот во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ Скопје го задолжи Министерството за здравство во соработка со Државното правобранителство на Република Македонија, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да ја утврди фактичката состојба, како и правата и обврските за договорните страни, кои произлегуваат од склучениот договор за закуп и врз основа на добиените сознанија да подготви усогласен материјал, кој да се разгледа во редовна владина постапка.

6. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ги информира членовите на Владата дека на 29.6.2017 година (четврток) со почеток во 17:00 часот ќе се одржи седница на Владата.

7. По повод укажувањето на д-р Арбен Таравари, министер за здравство, во врска со нереализираните добиени согласности од Министерството за финансии за вработување на медицински лица за 2016 година, Владата го задолжи Министерството за здравство да ги преземе сите потребни активности и до Министерството за финансии да поднесе барања за согласност за нови вработувања во здравството, согласно утврдените потреби.

8. Во врска со проблемите за воведување на наставните програми Кембриџ во средното образование Владата заклучи во текот на денешниот ден, 27.6.2017 година (вторник) претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев да оствари комуникациска средба со Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем и д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука со цел изнаоѓање на решение во врска со ова прашање.

9. По повод укажувањето на Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, во врска со проблемот околу просторното сместување на вработените од Министерството за животна средина и просторно планирање, Владата заклучи Службата за општи и заеднички работи во координација со д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија, да ја разгледаат можноста за изнаоѓање на соодветни работни простории за потребите на министерствата (посебно онаму каде што недостасуваат основни услови за работа).

<u>**Точка 60**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2016 година, со табеларни прегледи, како материјал за информирање.

<u>**Точка 61**</u>

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија, ја утврди Предлог-одлуката (со која се предлага на Собранието на Република Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 31 декември 2017 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија .

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а за повереник м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

<u>**Точка 62**</u>

Владата ја разгледа Предлог - завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година, со Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2016 година на основен

буџет на Република Македонија, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен советник во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на координативни тела за зголемување на соработката на странските инвеститори со домашните компании, за анализа на мерките за привлекување на странски инвестиции, анализа на состојбата и консолидирање на натамошните активности во полето на странски инвестиции и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за соработка на странски инвеститори со домашните компании, со заклучок истата да се дополни и член на Координативното тело да биде и министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

2. Ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за анализа на мерките за привлекување на странски инвестиции, анализа на состојбите и консолидирање на понатамошните активности на странски инвестиции, со заклучок истата да се дополни и член на Координативното тело да биде и министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

3. Ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија, со заклучок истата да се преработи во насока од членовите на Координативното тело да биде изземен претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, со оглед дека се работи за регулаторно тело, а истата да се дополни со формулација согласно која претседавачот на координативното тело во одредени случаи може да повикува експерти потребни за конкретно прашање да присуствуваат на седницата на Координативното тело.

Пред потпишување одлуките номотехнички да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на проектот „Регистар на население“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, најдоцна за два дена да го одговорат прашалникот и истиот писмено да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Се задолжува Секретаријатот за законодавство најдоцна за седум дена да номинира лице, за член во работната група, кое ќе работи на предлог - законските измени за спроведување на проектот „Регистар на население“.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија најдоцна за седум дена да номинираат две лица за членови во работната група за спроведување на проектот „Регистар на население“, како и да го одговорат прашалникот и истиот писмено да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, Државниот завод за статистика, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за иселеништво, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, Министерството за здравство – Управа за електронско здравство, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, а им се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Централниот регистар на Република Македонија, Државната изборна комисија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија, доколку имаат промени во членовите на работната група, најдоцна за седум дена да номинираат лица за членови во работната група.

Секоја институција да номинира две лица, од кои едното со познавања од областа на матичните регистри и едно со познавања од ИТ.

**<u>Точка 66</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на новиот објект на Клиничкиот центар – Скопје, во однос на постапката, локацијата за изградба како и други прашања поврзани со Проектот, како првична информација и по истата заклучи:

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, министерот за здравство, д-р Арбен Таравари и заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи најитно (по можност во текот на денешниот ден) да одржат состанок со претставници на Банката за развој при Советот на Европа со цел да се изнајде соодветно и трајно решение за новиот Клинички центар – Скопје, како исклучително значајно прашање за потребите на граѓаните од цела Македонија и за резултатите од одржаниот состанок до Владата да достават соодветни предлози.

**<u>Точка 67</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друшво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (бр.42-5320/1 од 26 јули 2016 година), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друшво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (бр.42-5321/1 од 26 јули 2016 година), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друшво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**